# ПРИДРУЖНИ ЕФЕКТИ ОД ВАШИТЕ ЛЕКОВИ? 5 ПРАШАЊА ШТО ТРЕБА ДА ГИ ПОСТАВИТЕ

Лековите може да помогнат да се чувствувате подобро, но исто така може да предизвикаат несакани ефекти.

Ако вие (или некој за кого се грижите) сте забележиле проблеми како што е заборавање, збунетост или се чувствувате ошумоглавени или нестабилни, можеби сте го припишале на тоа што сте станале постари. Или можеби сте се загрижиле дека некоја од вашите медицински состојби се влошува.

Овие ваши симптоми може да се придружни ефекти (side effects) од еден или повеќе од вашите лекови.

## Симптоми што може да ги забележите




### Коцка 1: Овие придружни ефекти може да ги предизвикуваат лекови што се користат за:

- проблеми со спиењето
- депресија
- однесување или промени на расположението поради деменција
- против болки
- проблеми со контрола на мочниот меур
- алергии
- кашлица и настинка.

Тоа може да се лекови што ги препишал вашиот доктор или лекови што може да ги купите без рецепта.

За некои луѓе овие придружни ефекти може да бидат само малку непријатни, но може да водат до посериозни здравствени проблеми, како што се паѓање или потреба од болничка нега.

# ПРИДРУЖНИ ЕФЕКТИ ОД ВАШИТЕ ЛЕКОВИ? 5 ПРАШАЊА ШТО ТРЕБА ДА ГИ ПОСТАВИТЕ

## Речете му на вашиот доктор ако ги забележите овие симптоми, дури и ако се благи

Вашиот доктор може да пронајде што ги предизвикува симптомите. Ако ги предизвикале вашите лекови, докторот може да препорача начини за справување или за намалување на тие придружни ефекти.

**Секогаш разговарајте со вашиот доктор или аптекар пред да престанете да земате или промените некој од вашите лекови.**

## 5 прашања кои треба да ги поставите на вашиот доктор или аптекар за вашите лекови

### 1. Зошто го земам овој лек?

Понекогаш некој лек треба да се користи само кусо време, или вашата состојба можеби се подобрила. Можеби сега земате друг лек што е поефикасен, па првичниот лек може да се запре. Преразгледување на лековите може да помогне да се пронајдат лекови што не ви требаат или не ви одговараат.

### 2. Кои се придружните ефекти?

Прашајте дали симптомите што ги имате се поврзани со вашата возраст, здравствена состојба или лекови.

### 3. Што може да правам околу придружните ефекти?

Прашајте како може да се справувате или да ги намалите придружните ефекти од вашите лекови. Вашиот доктор може да предложи промена на еден или повеќе ваши лекови. Доктор или аптекар може да ги преразгледа вашите лекови и да ги пронајде лековите што не ви помагаат.

### 4. Што ќе се случи ако не направам ништо?

Прашајте дали придружните ефекти од вашите лекови може да се влошат - или подобрат - ако не направите ништо и продолжите да го земате лекот или лековите.

### 5. Има ли нешто друго што може да го направам за да се справам со мојата медицинска состојба?

Прашајте дали има некои други третмани или нешта кои може да ги пробате за да продолжите да се чувствувате добро. Промени во начинот на живот, како што се повеќе вежбање и здрава исхрана, може да бидат добри опции.

**nps.org.au**
Level 7/418A Elizabeth Street Surry Hills NSW 2010
PO Box 1147 Strawberry Hills NSW 2012
02 8217 8700 02 9211 7578 info@nps.org.au

© 2021 NPS MedicineWise. Објавено во октомври 2021. ABN 61 082 034 393 Level 7/418A Elizabeth St, Surry Hills NSW 2010. Независна. Непрофитна. Врз основа на докази. Оваа програма ја финансира Министерството за здравство на Австралиската влада. Дадените информации не се медицински совет. Не ги користете за да лекувате или поставувате дијагноза за ваша или медицинска состојба на друго лице и никогаш не игнорирајте или одложувајте да побарате медицински совет поради нешто што тука е наведено. Медицинските информации се менуваат и може да не се точни кога ќе ги користите.
До краен степен дозволен со закон, NPS MedicineWise одбива секаква одговорност (вклучително без ограничување поради небрежност) за секоја загуба, штета или повреда како резултат од потпирање на овие информации или од нивно користење.NPSMW2393

Carers Australia · FECCA · Choosing Wisely Australia (An initiative of NPS MedicineWise) · OPAN Older Persons Advocacy Network · NPS MEDICINEWISE